**ОПШТИНА КОНЧЕ**

Општина Конче, 2424 Конче
Тел: +389(0)32 630 325
www.konce.gov.mk / e-mail: opstina.konce@t.mk

Врз основа на член 23 став 1 од Законот за младинско учество и младински политики (Службен весник на РСМ'' бр. 10/20), член 50, став 1, точка 14 и член 63 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ'' бр. 5/2002), член 24 став 1 алинеја 8 и член 53-е од Статутот на општина Конче (Службен гласник бр. 6/2006), Градоначалникот на општина Конче донесе:

## РЕШЕНИЕ

За назначување на службеник за млади одговорен за работењето на канцеларијата за млади на општина Конче

1. За службеник за млади одговорен за работењето на Канцеларијата за млади на општина Конче, се назначува Зорица Ристова Михајлова.

2. Назначеното лице од точка 1 на ова решение е одговорно за координирање, спроведување и следење на прашања од интерес за младите во делокругот на надлежностите на општината.
3. Службеникот за млади изготвува годишен извештај за работата на општина Конче во делокругот на млади и истиот го поднесува до Агенцијата за млади и спорт и го објавува на веб-страницата на општина Конче.
4. Назначеното лице може да се контактира во седиштето на општина Конче на тел. 032-630-325 или на е-маил opstina.konce@t.mk.
5. Решението да се објави на веб страницата на општина Конче.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Законот за младинско учество и младински политики и Статутот на општина Конче предвидува општината да одреди Службеник за млади, лице кое ќе биде одговорно за работењето на Канцеларијата за млади, за координација и следење на прашања од интерес на младите во делокругот на надлежностите на институцијата.

Согласно оваа обврска Градоначалникот со ова решение назначува лице вработено во администрацијата на општина Конче кое ќе ги врши работите на Службеник за млади.
Ова решение, како и информации за Службеникот за млади ќе бидат објавени на веб-страницата на општина Конче.

Правна поука: Против ова решение може да се поднесе жалба до Градоначалникот на општина Конче во рок од осум дена од денот на објавување на истото на веб-страницата на општина Конче.

Број 09-1605/1
Дата 18.10.2023
Конче

Општина Конче
Градоначалник
Златко Ристов